### УЖИВАЊЕ НА КОНЦЕРТОТ НА ВЕНКО СЕРАФИМОВСКИ

# Светле растури од пеење




Аплаузот и смеењето на моменти ја нарушуваа тишината во петокот вечерта во Драмски театар, каде што се одржа концертот на Венко Серафимовски и пријателите, посветен на покојниот режисер Димитар Станковски. Беше уживање анплагт да се слушнат познати рефрени уште од времето на "Конкорд" испеани од авторот и неговата гостинка Светлана Јовановска, која ги заслужува најголемите оценки за еден вокал, кој одамна не се слушнал кај нас. Светле растури од пеење и не престана да добива честитки и додека пееше на сцената и по концертот.

Два часа пеење и бис за Венко и неговите пријатели кои со задоволство, некои и по 20 години пауза, свиреа и се потсетија на она време кога и на кој начин биле создавани песните. "Нато мори душманке", "Лага и измама", "Ej, ти младо момче", "Под Пелистер", "Мојот лик не зборува сé", "Бела песна", "Сара Сараево", "Калдрма" и "Штикли" се само дел од песните кои Венко ги одбра за да нé врати во спомените на едно убаво време. Време на дружба и искрено пријателство со Диме. ***(В.М.)***

# Горан Пандев народен херој на "Бубамара"




*Горан Пандев и Кирил Поп Христов на снимањето на химната*

Нашиот најдобар фудбалер Горан Пандев е прогласен за народен херој на манифестацијата "Златна бубамара на популарноста", што ќе се одржи на 23. овој месец, во Универзалната сала во Скопје. Ова е дел од скриеното сценарио и наградите што организаторот ги крие во тајност сé до моментот на почнувањето на најинтересната манифестација кај нас. Пред четири години, "Радио Бубамара", заедно со Тони Зен и Тамара, направи специјална песна за Горан Пандев, која ја промовираше во отвореното студио на "Веро 2" и му посака да го освои Скудетото. Благословот беше преголем, па Горан Пандев успеа да ги освои сите најголеми клупски трофеи во изминатата година.

Доделувањето на наградите секоја година е спектакуларно и целата јавност со нетрпение го очекува најновото издание, на кое публиката се смее на пет минути, а аплаудира на три.

### ГОДИШНИ НАГРАДИ ЗА НАЈПОПУЛАРНИТЕ НА ТВ "ОРБИС"

# Татјана Лазаревска најпејачка во Битола

Фолк-пејачката Татјана Лазаревска е прогласена за најпопуларна пејачка за 2010 година во Битола. Ова признание ѝ го додели битолската телевизија "Орбис" која традиционално ова време ги доделува годишните награди по избор на своите гледачи. На изненадување на Татјана, која во саботата имаше роденден, организаторот, покрај оскарот и уметничката слика, ѝ донесе роденденска торта.



Татјана, пак, по манифестацијата веднаш се врати за Скопје, каде што во саботата вечер, со интимен жур, го прослави 36. роденден, на кој, меѓу другите, присуствуваа и нејзините колешки Ирена Спасовска и Зуица Лазова.

***(В.М.)***